СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седмото Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

## VII-то ПРОДОЈЖЕНИЕ НА 61-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 10.VI.1993 год.

Дискутанти:

1. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 1, 4б, 55 (води седн.)
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 11
3. АРСОВ ДРАГИ - 18, 26, 27
4. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 1
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 16, 25, 47, 56
6. ДИМОВ ТОДР - 11
7. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 28, 30
8. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 20
9. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 36
10. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 6, 53
11. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 6, 10, 34, 47
12. МИНОВ ПАНЧЕ - 19
13. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 31, 33
14. НАУМОВСКИ СИМОН - 44
15. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 47
16. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 14, 23, 30, 35, 54, 57.
17. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 38, 41
18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 52
19. СПИРОВСКИ ИГОР -48 ( Секретар- прозивка на пратениците)

Седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седмото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јуни 1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Попов- ски, Љубисав Иванов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницава.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1, поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор?

Збор има господинот Горгиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Комиси- јата за стопанство, на последната своја седница, имајќи предвид дека на член 26 има поднесено повеќе амандмани, а подносителите на амандманите беа и дел од членови на Комисијата, се одлучи на Собранието да му предложи свој амандман, кој во основа ги опфаќа и предлозите на повеќе пратеници. Тука се пред се мојот амандман,

од пратеникот Симон Наумовски, Симон Ивановски, Томислав Стојановски и последниот амандман на господинот Драги Арсов.

Амандманот, во основа се однесува на зголемување на повластените услови што можат да се купат акции, како што е предлогот на Владата со 20% од вредноста на акциите, да се зголеми на 30% и во делот на лимитот што е за поединечно користење на попустот при купување на акциите, место 15 илјади германски марки во противвредност на денари да биде 25 илјади германски марки во противвредност на денари.

Основните причини во делот на поднесувањето на овој амандман се во тоа што концептот што се предлага од Владата во основа не се менува, има оценка дека и вака понудениот попуст по однос на ограничувањата што се вградени во самиот закон вградени не можат на одреден начин во целост да го остварат поедините субјекти кои влегуваат во трансформацијата. Трансформацијата не се извршува масовно, туку поединечно, секој субјект за себе. Така што и оценката за користење на попустот ќе биде за секој субјект поединечно.

Оттука, основна причина е и тоа што во основа, за да се користи попустот, мора да се обезбедат готовински средства што мора да се платат во рок од три месеци од денот на Одлуката за трансформацијата.

Сметаме дека со зголемувањето на цензусот на 30% од акции- те дека на одреден начин ќе се зголеми можноста односно за поголем степен на применливост на самиот закон ќе се овозможи, ќе се зафатат средства од личната потрошувачка на вработените или на оние што ќе купат акции, ќе се отвори процес за вистинско акционерско работење и филозофијата за акционерското работење во пракса веќе помасовно ќе се примени.

Инаку, по однос на лимитот од 15 илјади марки, лимитиран во Предлогот на законот во член 26, со зголемување на цензусот до 25 илјади германски марки сметаме дека уште повеќе ќе се зголеми применливоста на самиот закон со плаќање на акции во готово. Сметаме дека е во функција од причини што во еден од начините за трансформацијата е овозможено, на одреден начин, да се трансформираат претпријатијата со купување на управувачки права само со 10% за големите односно 20% за малите претпријатија и сите управувачки права можат на одреден начин во договор со агенцијата да се купат. На овој начин веќе се добиваат обични акции што ќе ги имаат имателите и во основа ќе вршат корекција на делот на управувањето на тие што ќе го имаат пакетот на акциите.

Образложението на Владата, најверојатно министерот пак после мене ќе настапи, не држи во делот на она дека се намалува пакетот на акциите со делот на акциите што ги има пензискиот фонд од 15% и евентуалното максимално, тоа за мене е теоретски остварливо таму, сите стопански субјекти да го искористат правото на попустот. Тоа е апсолутно неможно, од оние претходни ограничувачки фактори што ги кажав.

Оттука, сметам дека барем таква е проценката дека овој процент ќе биде далеку понизок и во основа нема да го загрози самиот принцип на трансформација и сметам дека ќе има доволно акции што ќе бидат понудени од агенцијата за да можат да ги купат тие што ќе имаат пари, а акциите да бидат продадени без попуст. Тоа се во основа причините заради кои што Комисијата се одлучи да го поднесе овој амандман.

Морам да укажам, Комисијата беше посебно револтирана од ставот на Владата по однос на завршетокот на самата седница со поднесувањето на овој амандман, кога претставникот на Владата укажа

на тоа дека ќе го повлече законот доколку овој амандман го усвои Собранието. Сметам дека предлагачот на Владата со ова само бара одредена причина ако на одреден начин се усвои овој амандман, тој најверојатно имал своја причина евентуално ако не му се допаѓа ова што сега го работи, како причина го најде таа работа на одреден начин да ја напушти.

Мислам дека досегашните укажувања беа во правец на тоа дека овој закон е посебен во делот на својата применливост во пракса каде што доминира принципот на продажба, но мораме уште еднаш да елаборираме еден факт. Ние, по однос на законот и неговата примена немаме биланси кои стопански субјекти ќе влезат во трансформацијата и со кои биланси, односно во член 3 јасно се укажува кои стопански субјекти нема да влезат во трансформацијата.

Ако се направат биланси на овие стопански субјекти што се, како претпријатија од посебен општествен интерес, претпријатија и правни лица што стопанисуваат со води, земјиште, шуми, станови, деловен простор и други јавни добра, претпријатијата во општествена сопственост чија дејност е организирана во игри на среќа, претпријатијата што согласно на законот имаат монополска положба, ние сега немаме закон за монополска положба, кои тоа претпријатија ќе бидат и уште ако се додаде дека нема да се трансформираат претпријатијата што покажале загуба, јасно е дека со овој закон ќе биде опфатен доста мал број на субјекти во вредност сметано на трансформација и ризикот за да се згреши во однос на овој закон е доста мала. Предноста на нашиот закон во однос на сите други закони што ги донесоа е во тоа затоа што не се влегува масовно во трансформација и не се очекува масовна грешка во делот на процесот на трансформацијата. Значи, во прв приоритет ќе бидат малите претпријатија што во основа ја почнаа трансформацијата и средните. За

големите претпријатија, во основа, во еден од членовите се ограничува нивното самостојно одлучување: за изборот на начинот на трансформацијата. Тука, паритетно, агенцијата и претпријатието одлучуваат по однос на начинот на трансформацијата. Тоа значи ако се избришат и големите претпријатија ќе остане мал број на стопански субјекти што ќе влезат во трансформација, според овој закон и сметам дека во овој момент, апсолутно не држи мислењето на Владата дека, доколку не се прифати овој амандман на член 26, дека Владата ќе го повлече законот. (Интервенции од место). Јас мислам дека ако не му се слуша, може и да излезе

Во секој случај, Комисијата расправаше доста по однос на овој амандман и сметам дека тој би требало да биде поддржан од страна на Собранието, а на крајот ќе завршам со ова не сакаме и не би требало да се дозволи да се оценува понатамошната примена на законот. Сметам дека ако уметникот направил слика и на крајот ако рамката што му ја направил е лоша и заради тоа не е продадена сликата, не може да се извади заради тоа што рамката е лоша, туку заради сликата. Оттука, сметам дека треба да се прифати овој амандман и законот да се пушти во реализација, а самата реализација ќе покаже. Ние доста расправавме колку дефекти има овој закон. Ајде да пробаме, да видиме со сите тие дефекти да почне трансформацијата, а сме убедени со тоа дека наскоро ќе се отпочне процесот на промена на овој закон, но промените ќе бидат во насока во која што ќе ги диктира самата примена на овој закон.

Од тие причини сметаме дека би требало да биде прифатен овој амандман и со самото тоа да се отвори процес за реализација на самиот процес на трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата ми го нема соопштено својот став затоа што амандманот беше поднесен самиот ден кога почна седницата.

Нема ништо ново да кажам, ќе го повторам она што го кажав во врска со амандманот на господин Арсов. Тоа е дека Владата инсистираше на попуст од 20% затоа што смета дека е опасно ако евентуално, се разбира тоа никој не може да го каже со сигурност, се продадат 30% од акциите со попуст и веќе 15% се резервирани за пензиското фонд дека доаѓа една зона во која е смален интересот на нови инвеститори во приватизацијата.

Самб за да го зголемиме тој интерес на купувачите ние не сакавме да одиме:на попуст поголем од 20% од вкупниот број на акциите, а во никој случај нашиот став не беше диктиран од некое не- пријателство или не желба да се излезе во пресрет на вработените.

Од друга страна, морав да кажам дека веројатно ретко има човек во ова Собрание кој повеќе од мене сака овој закон сепак да ја види светлината на денот.

Она за сликата, морам да ви кажам не го разбрав со слика- та и рамката, мора да ми го појасните.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас излегов за да кажам дека ќе го поддржам амандманот на Комисијата за стопанство и ќе гласам за негово прифаќање, бидејќи мислам дека тој е резултанта на досегашната расправа и бројните амандмани што беа поднесени од страна на пратениците и компромисот на Владата за прифаќаше на едно решение што на некој начин ќе одговори, како што реков, на барањата на поголем број пратеници кои се залагаа за воведување, пред се, бесплатни акции

и поголем дел на попусти во интерес на вработените односно на оние за кои јас и другите како мене мислат дека се навистина тие кои имаат, ако ништо повеќе,барем поголем дел од учеството на создавањето на тој капитал што е денеска предмет на трансформација односно да не речам на продажба. '

Инаку, на некој начин би сакал да кажам свои размислувања за оправданоста и поддршката зошто се залагам овој-"амандман по кој се предвидува 30% од вредноста на претпријатијата да"бидат Да- дени со попуст на вработените и крајната величина за тие попусти со кои можат одреден број на вработени да користат да не биде 15 илјади марки,.туку да биде, како што е предложено во амандманот, 2 5 илјади германски марки.

Беше спомнато дека, доколку се прифатат одредени поголеми попусти дека тоа во тој случај, како прво и основно ја доведува- ме во состојба поголем број на граѓани и работници кои не ќе можат да учествуваат во таквите поволности дека ќе бидат неоправдани и практично со тоа законот ќе дојде во судир со Уставот.

Морам да бидам категоричен и да кажам дека во потполност не се согласувам со оваа констатација, ќе наведам причина што пред 40 години исто така со закон и устав беа дадени претпријатијата на управување на работниците. Работниците не ги зедоа ниту по пат на некоја револуција, ниту по присила, туку токму со закон и устав им беа доделени на нивно управување.

Оттука, мислам дека тие, на одреден начин, пак ќе се оградам, нема да кажам дека тие се нивни, туку ние се залагавме, такви беа и нашите амандмани дека дел од тие претпријатија сепак мора да се признае дека им припаѓаат токму на тие вработени.

Оттука мислам дека воопшто не станува збор за кршење ниту на Уставот ниту дека некои се доведуваат во нерамноправна положба, бидејќи јас правото и законот го почитувам како право, а овде е исклучиво економска категорија. Економијата на никој начин не треба да бара еднаквост кај сите граѓани. Од економската зависност, економската способност и економската имотност на одредени граѓани и одредени работници исклучиво зависи од нивната способност, од нивните резултати итн. Додека правото, како закон, навистина треба да биде правна категорија и еднаква за сите граѓани, без разлика на тоа дали се богати, дали се сиромашни, дали имаат, дали немаат, дали се вработени или невработени.

Затоа велам дека треба да правиме разлика дека се работи исклучиво за економска категорија, а не за правна категорија. Мислам дека овој аргумент што беше истакнат и од Владата и од одреден број пратеници што ја поддржуваат Владата дека со прифаќањето на една таква определба во законот дека ќе бидеме соочени со Уставот, мислам дека навистина не држи.

Исто така, мислам дека треба да ни биде сосема јасно дека во создавањето на овој капитал што денеска е предмет на трансформација со овој закон мислам дека сите граѓани на оваа држава немаат еднакво учествувано во остварувањето на овој капитал. Оттука не можат сите да имаат еднакви права во распределбата на тој капитал. Некој има учествувано повеќе, некој помалку. Затоа и учеството во таа распределба треба да биде во зависност токму од нивниот придонес во остварувањето на тој капитал.

Беше спомнато дека овој капитал што е предмет на трансформација бил создаван претежно од штедните влогови на граѓаните. Мислам дека и оваа теза, барем за мене, јас морам да го кажам моето размислување дека не држи, затоа што во денешно време,

во денешна проценка капиталот што треба да биде предмет на трансформација, зависи од оние што го имаат проценувано, се движи во вредност од 4 милијарди до 12 милијарди долари. Тоа е во зависност од проценувачите. Меѓутоа, во никој случај не е помалку од 3 милијарди долари. А, штедните влогови на ;граѓаните што се исто така на повеќе наврати предмет на овој Парламент изнесуваат милијарда и сто милион.и долари. Значи, вредноста на капиталот што се трансформира не е исклучиво, и да е направен односно е произведен од тие заштеди, мислам дека не е исклучиво само од тие заштеди., бидејќи неговата вредност е многу поголема од девизните штедни влогови.

II/1.- ЈМ-ВБ

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ** (Продолжение)

Оттука велам дека има и друг капитал и други средства и друг труд кој е вложен во создавањето на тој капитал, односно на таа вредност која се трансформира. Исто така, се вели дека тој капитал што е создаден е создаден под услови на поволни кредити кои ги имаат користено претпријатијата за инвестирање, односно за градење и проширување на своите капацитети. Мислам дека и оваа теза во потполност не би требала да биде издржана и прифатена бидејќи условите под кои користеа кредити не ги користеа тие кредити само стопанските субјекти и организациите кои инвестираа и кои градеа, туку морам да кажам дека такви _ услови имаа право да користат и сите граѓани на оваа држава.

Ќе ве потсетам дека еве, да не речам и јас, ќе бидам искрен дека имам купено телевизор на кредит со рок на отплата за 2 4 месеци со минимална камата, или да не речам одредена бела техника, или автомобили итн. Сите граѓани користеа кредити, сите граѓани ги користеа тие поволности, а во такви услови и претпријатијата ги користеа тие кредити, меѓутоа тие работеа домаќински за изградба и проширување на капацитетите, за отворање на нови работни места, за вработување на поголем број невработени граѓани итн. Значи не ги користеа за лични потреби, за делење на плати и зголемување на личниот стандард, туку токму за зголемување на капиталот на претпријатијата кои еве денеска се предмет за трансформација, односно за продажба. Оттука мислам дека навистина со овој амандман како што реков Комисијата и голем дел на пратеници кои се и членови на таа комисија и во Комисијата за економска политика и развој навистина најдовме снаги за да се сообразиме со времето во кое сега се наоѓаме и со атмосферата која е присутна во овој Парламент за неговото залагање овој закон да се донесе бидејќи навистина морам да кажам , јас истото тоа го реков и

повторно ќе го повторам дека го делам тоа мислење дека доцниме со донесувањето на овој закон. Овој процес е неминовен и овој процес мора да почне, а што порано почне и последиците ќе бидат многу помали, понезначајни и мислам .дека со поголем успех ќе имаме и повеќе време и на полесен начин да го реализираме . Оттука мислам дека и нашите настојувања ѓ се во таа смисла дека овој амандман навистина треба да добие целосна поддршка од Парламентот, а Владата исто така да не мисли дека со тоа се нарушува концептот на законот, мислам дека најмалку се нарушува концептот бидејќи таквите определби веќе постојат во самиот текст на Законот, туку напротив дека со тоа се прави допринос и како што реков компромис за да може овој закон не само да биде донесен, како што јас во поранешните дискусии реков па да биде закон кој треба да стои во инкубатор за да може да созрее, да биде практично применлив туку напротив со прифаќањето на овој амандман да добие целосна поддршка и од поголем број на работници и претпријатија за да може навистина да биде применлив, односно од првиот ден на неговото стапување на снага да може да почне да се реализира и да нема одлагање на примена на одредени рокови и термини кои се предвидени и со самиот закон. Затоа уште еднаш се обраќам до сите пратеници и ги молам да дадат поддршка и овој амандман да биде прифатен.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Овој закон од Комисијата кој е даден ми се чини ќе го забрза процесот на приватизацијата. Само таа страна ми се чини е добра. Меѓутоа човек кога ќе се најде во две зла ќе го одбере тоа што е понезло. Зошто ние не ја гледаме вистината во очи.

Зошто не сме ја погледнале вистината во очи? Тоа е едно прашање кое ние стално го запоставуваме и чекаме да помине извесен период и после да се осознаеме и да донесеме едно решение, да донесеме еден амандман, или еден закон кој ќе биде можеби и прифатлив и за нас и за народот кој чека од нас таков закон. Неминовна е приватизацијата, неминовна е трансформацијата на општествениот капитал. Меѓутоа јас се лутам на Владата,. еве зошто се лутам на Владата. На Владата се лутам затоа што Владата организира и разни други организации кои се во наше присустбо во оваа држава разни симпозиуми, ќелепур-софри и таму ќе ги видите сите тие експерти, или неексперти секојдневно дискутираат, прават нешто, јадат, пијат, се веселат за сметка незнам на кого. Владата не ги искористи сите субјективни економски сили од земјата кога го носеше овој закон, кога го предлагаше овој закон. Пред ова Собрание го даде површно и нецелосно. И сега што стана понатаму? Сега стана следното, мака да имаат и експертите, тука има и добри економисти, има и добри правници да си ја цепат главата на некој член, или втор член да носат амандман, да ја исправаат грешката на Владата. Целосно гледано значи ако го прифатиме Законот на Владата, ние грешиме. Добро ама има една друга работа тука меѓу нас. Амандман кој допринесува за приватизацијата, или за целокупната трансформација на капиталот, ние не го гласаме, затоа што е даден да речеме од Митко, од Трајко, од Петко. Ова е многу лоша работа. Барем да бидеме единствени и да обрнеме внимание на тие амандмани кои се корисни, кои можеме да ја коригираме Владата, ние треба да ги прифаќаме.

Сега една друга работа која стално не мачи и сите вас ве мачи, не треба да се повторува: блазе му на него кој ги даде во стечај претпријатијата и ги продаде. Тоа помина. Се распаднаа претпријатијата, ги ограбија, ги приватизирале и тоа си отиде, но тоа што остана сега? И

уште една работа што треба да не ја заборавам, но да видиме дали сега тие луѓе ние со закон ќе ги направиме газди. Таа неправда ќе ја озакониме. Затоа подоцна ќе бидеме осудени од тие наши наследници. За другата да не згрешиме. За да не згрешиме треба да се коригира Владата. Зошто Владата, па на крајот на краиштата се; нудат експерти дури од надвор. Јас верувам дека и тие експерти што ги имаме во земјата наша дека не биле искористени. Оставаат на некоја наша комисија тука, Комисијата кога ќе донесе ќе се добро нешто, тоа ќе се отфрли од нас и паѓа се во вода. Колку доцниме со приватизацијата толку е полошо за нашиот народ. Колку ја забрзуваме приватизацијата но со добри амандмани и со добри закони, тоа е добро за целата наша држава.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот да кажам дека ќе гласам за овој амандман. Уште кога беше претресот, општиот претрес по овој закон јас најавив дека амандманите кои што тогаш беа поднесени од поедини пратеници, а кои што сега се сумирани во амандманот на Комисијата за стопанство дека ќе ги поддржам од следните причини. Основниот принцип на овој закон за приватизација кој што го образложи министерот Јане Миљовски беше да се обезбедат средства за намирување на обврските кои што ги има државата спрема надворешните долгови и спрема девизните штедачи. Меѓутоа, ако го погледнеме членот 3 за кој што зборуваше и претходниот дискутант, односно Петар Горѓиев, кои претпријатија ќе одат во трансформација, а тоа се во првиот момент претежно мали и средни претпријатија. Сметам дека она што Миљовски го образлагаше во врска со овие обврски кои што се создадени на државата по однос на надворешните долгови и по

однос на девизните штедни влогови, односно заради негативните камати,кредитите кои што ги користеа организациите заради негативните камати, сметам дека токму оние организации кои;што ќе одат во почетокот, тоа се мали и средни претпријатија најмалку користеа кредити и со. тоа голем дел од капиталот кој што г;о создадоа, тие го создадоа од својата со ставена акумулација. Сметам дека ќе биде' неправда ако не го усвоиме амандманот да овозможиме поголем процент на попуст од 20, односно 30%. Исто така мислам дека со овој амандман на Комисијата ќе се забрза и процесот на приватизацијата, односно ќе се овозможи со тоа што ќе му дадеме и поголем попуст. од 30% на вработените и со тоа што ќе ја помериме границата од 15 иљади на 25 иљади. марки, ќе му дадеме поголема можност, односно применливост на овој закон и забрзување на процесот на приватизацијата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас на почетокот сакам да кажам дека овој амандман не го поддржувам и ќе кажам од кои причини. Прво, мислам дека како што беше овде искажано дека е оваа економска одлука, јас не се сложувам од проста причина што и целиот овој закон и амандманите што ги носиме во таа насока се чисто политичка одлука пред се а не економска категорија, односно продавање и купување. Штом имаме попусти, дали ќе бидат 90, 70%,до колку иљади марки итн., тоа е политичка одлука што ние треба да ја изгласаме овде. Тоа е едното прашање. Се поставува прашањето кој има 25 иљади марки да купи акции под вакви повластени услови. Јас не сакам да ги кажам, и вчера кажав вие сите ги знаете кој има во оваа Република Македонија 25.000 марки. Меѓутоа може да се случи уште една работа. Ние зборуваме и

II/6.-

други зборуваат и средствата за информирање дека во Македонија почна да има еден вид мафија. Што ќе се случи ако таа мафија најде некој вработен во тие фирми и му понуди 25.000 марки и на негово име да ги откупи тие акции во висина до 30%? Се поставува уште едно повратно прашање, колку проценти од тие мали, и средни фирми да речеме се досега приватизирани врз основа на двата сојузни закони од Анте Марковиќ, односно кој, колку акции има. Да почнеме од директорот па се до најмалку платениот вработен .во тие фирми. Тоа е второто прашање. Значи до 30% ќе Дозволиме да се приватизира врз овој основ каде што попустите теоретски се изнесуваат до 70% значи аз секоја една акција ако вреди 100 марки тој што сака да ја купи под овие. услови теоретски треба да плати 30 марки да речеме ако ги има оние услови 40 години работен стаж. А за членот 27 каде што се предвидува за објектите на општествениот стандард значи каде што се предвидува теоретска можност до 90% попуст, значи за секоја една акција која теориски би вредела 100 марки би платил само 10 марки. Размислете колку ќе биде проценета вредноста на малите фирми и средните фирми да ги наречам и кој се може врз овој основ да ги добие, односно да купи акции под повластени услови затоа што попустот не е економска категорија, тоа е политичка одлука пред се, иако овде се заговараше дека е економска категорија,не е, тоа е политичка одлука што треба овој Парламент да ја аминува..

Овде исто така иако се предлагаше еден модел, ваучерски модел кој не се прифати, знаеме дека не се прифати, меѓутоа обвиненијата за неприфаќање на тој ваучерски модел беа токму во таа насока за која што јас пред малку зборував дека и јас обвинувам во овој однос, а ваучерскиот модел ќе беше модел во кој најмалку може да има манипулации. Затоа ќе повторам, овој амандман за мене наполно е

неприфатлив од проста причина што секој во Република Македонија знае кој може да има 25 илјади марки и да купи акции под вакви повластени услови.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Предлагачот на амандманот не ни понуди во образложението а деловнички тоа се подразбира и проценка на материјалното влијание што се предизвикува со ваквиот предлог бидејќи очигледно се работи за политички компромис, за едно прашање кое што не може да биде само политика, туку и повеќе од тоа, фундаментот на идната држава, сакам да укажам на резервите во однос на тоа што би значело прифаќањето, на вака предложениот амандман. Прво, сметам дека доколку овој амандман се прифати тоа би го обесхрабрил странскиот капитал. Второ, исто така би ги довело во дилема и меѓународните институции кои што очекуваме да го поддржат економскиот развој во Република Македонија. Исто така, прифаќањето на овој амандман го отвора прашањето за страхувањата дека на една мала врата практично сепак се охрабрува бесплатно раздавање на општествениот капитал. Трето, прифаќањето на овој амандман овозможува висок степен на концентрација на акциите во раководните структури. Оттука се зголемува и веројатноста многу неспособни менаџери благодарение на прифаќањето на овој амандман да си го задржат управувачкиот статус во фирмите и од таму се руши логиката на она што треба приватизацијата да го донесе како еден импулс и една филозофија која што ќе створи амбиент за по- широк стопански развој на Републиката, заради тоа што ниту ќе добиеме во идниот период менаџери по професија кои што ќе бидат способни, заради тоа што овие старите на овој начин ќе си обезбедат траен монопол, ниту ќе добиеме прави сопственици заради сите отворени прашања што само може да ги претпоставиме како импликации што ќе се

креират со доаѓање на овие раководни структури во позиција и на сопственици. Исто така предлагачот не објасни повторно ќе потенцирам што тоа. материјално значи особено ставот 2 кој што се предлага, подигањето на вредноста од 15 илјади германски марки до 25 илјади. Сметам дека тука се крие голем процент практично на бесплатно раздавање. И од тие причини доколку навистина сакаме да го заштитиме концептот. изворно со што би му овозможиле да ги постигне предвидените резултати. Не би требало овој амандман да го прифатиме. Јас се изјаснувам за неприфаќање на амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јавува господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи во овој амандман е инкорпорира1 амандманот што го поднесовме и за кој расправавме вчера, тој не беше прифатен, меѓутоа, сега в6 нешто модифицирана форма тој повтор^о овде се нуди, мислам дека за нас е прифатлив од следните причини.

Ако од страна на Владата чие образложение овде го слушнавме и ако за нас тоа образложение.од страна на Владата е помалку прифатливо затоа што ги видовме причините, а тие се сведени во неколку точки односно Владата многу децидно ги наведе тие причини според кои средствата од приватизацијата можат да се користат за покривање  и тоа, пред се, како што е наведено и во образложението на овој закон од плаќање на внатрешните И надворешните долгови на Република Македонија односно долгот по основа на девизните штедачи. Потоа за обесштетување за денационализацијата., создавање пари за невработените значи, ако целта на овој закон е создавање на средства за тие намени, според мене тоа е неприфатливо што го наведува Владата во образложението односно помалку е прифатливо од решението што го нуди овој амандман односно под повластени услови да се купат најмногу 20 односно 30% од вредноста на акциите . Со ова значи дека дел од вредноста на акциите односно уделите што ги создава претпријатието што се трансформира ќе се насочат во една друга насока која е поприфатлива за мене во однос на она што го нуди Владата.

Меѓутоа, јас сепак изразувам резерви, бидејќи основната цел на приватизацијата и на трансформацијата на овој капитал според мое лично убедување не треба да се бара ни на едната ни на другата страна, туку пред се основната цел на овој закон јас ја гледам во создавање на средства, во создавање на нов национален капитал со кој   ќе се покрене

нов циклус на производство, нов циклус на развој и просперитет на Република Македонија. Меѓутоа, токму тие цели според кои за мене е оправдано донесувањето на овој закон за трансформација, овде од страна на Владата не ги слушнавме тие цели ниту се понудени, а според мене само на тој начин можеме да го прифатиме овој закон.

Од тие причини јас реков дека овој закон е едноставно неприменлив и за мене се неприфатливи оние образложенија што ги даде министерот дека ако има многу амандмани де значи дека законот е добар. Напротив според мене бројните амандмани значат дека законот е со многу дефекти и според тоа законот мислам дека е неприменлив и нема да ги постигне тие цели со кои сакаме да ги оствариме и со кои го прифаќаме, во начело, овој закон и решенијата што гој ги нуди. Но, како и да е ние остануваме на нашиот предлог и во прилог на овој амандман што го нуди Комисијата и1чие образложение го даде господинот Петар Георгиев, дека покрај тоа што ќе се зголеми степенот на применливоста на овој закон, ние рековме дека со овој амандман ќе се овозможи побрзото сопственичко трансформирање.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитувано пртеници, се согласувам со амандманот на Комисијата за стопанство од следните причини.

Првата причина едноставно е доста кратката, несодржајна и неубедлива аргументација што во образложението по амандманот во одбрана на основното решение го даде господин Јане Миљовски.

Втората причина по мене е на линијата односно определбата на линијата на непосредно работничко акционерство каде една од формите е и зголемување на процентуалноста и вредносно изразената во акциите со повластен третман, како што е содржината на овој амандман,

III/3.-

Кога веќе не се усвоија претходните амандмани во однос на бесплатните акции односно ваучерите, тогаш на линија на афирмирање на непосредното работничко акционерско прифаќање на овој амандман кој нуди повисока процентуалност и повисока вредност на изразена застапеност на акциите,. за работниците под овластени услови.

Третата причина по мене тоа е на линијата на правичноста . Јаса сета оваа трансформација ја сфаќам на начин да се достигнат целите на приватизацијата а тоа е да се променат сопственичките односи односно да се утврди титуларство на сопственоста,. но исто така да се постигнат и ефекти на планот на правичноста, а тоа значи на мирување или задоволување на стекнатите права врз основа на досегашно работење и управување и користење со општествените средства на вработените, што е содржина на овој амандман како и другите цели во однос на мирување на долговите на работниците како државни цели и формирање на пензиони и социјален фонд и компензирање и конципирање и на мирување на долговите на девизните штедачи.

Четврта причина јас ја наведувам, а и овде беше истакнато тоа е наспроти видувањето на предлагачот на основното решение наполно се согласувам со предлагачот на амандманот во смисла дека токму овој амандман односно повисокиот степен на стандард на задоволување на правата на работниците со овие повластени акции изразено и процентуално и вредносно, самиот закон го прави да биде поприменлив односно пореален, а со тоа пореално остварување на целокупниот концепт на трансформацијата на општествен капитал.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници ќе бидам многу краток, бидејќи од досегашните дискутанти, барем оние кои го поддржаа амандманот,беа изнесени и аргументите за, беше изнесено дека јас имав свој амандман на овој член со одредена мала модификација, но на Комисијата се усогласивме така што сега се обидувам јас да го поддржам односно

излегов да кажам дека ќе го поддржам и со мала полемика од одредени дискутанти кои не се согласуваат со амандманот со одредена аргументација инаку не би изнесувал се она што оние кои го поддржуваат, бидејќи држи аргументацијата и. јас се согласувам со неа, нормално секој има свој начин, кој како образлага.

Имено, од еден дискутант беше речено дека со усвојувањето на овој амандман ќе го обесхрабриме страниот капитал. Јас не гледам како би го обесхрабриле, бидејќи со тоа што е дозволено до 30% да можат да се купат акции, со одреден попуст остануваат 70% од капиталот како управувачко право каде може страниот капитал да влезе и да има 70% управувачки права. Спрема тоа, ако тој не е обесхрабрен со нешто друго. од одредени други икс околности овде не го загрозува ништо, бидејќи 70% од пакетот му се во рацете да управува а со ова нема со ништо да го обесхрабриме.

Второ, воопшто не значи дека оние кои со одреден попуст би зеле акции дека тој на страниот вложувач, доколку е заинтересиран, ако дојде овде нема да може да ги купи од истите тие, исто така како што може да ги купи од агенцијата или некој друг. Што е причината страниот вложувач ќе сака да ги купи од агенцијата, а нема да сака да ги купи од луѓето кои ги добиле. Мое убедување е длабоко дека понапред ќе ги купи од овие луѓе кои, на некој начин, ги добиле со попуст од причина која беше овде изнесена зошто треба да ги добијат со одреден дискаунт, а не џабе.

Второ прашање кое беше овде потенцирано од истиот дискутант секогаш се врти дали со некаков попуст нема некоја менаџерска структура да ја ставиме во некаква повластена положба. Јас ве молам да се разбереме, оти мислам дека со вакви дискусии само се манипулира.

На менаџерската структура во членот 62 е дадено само со 10% очо сп 20% во средни претпријатија да може да го земе управувањето. Овде ако сака менаџерската структура да купува треба да даде 70, 60, 50 зависи од стажот. Не 'се разликува ниту менаџерот или директор како го викаат е од било кој работник, бидејќи ако има 1 години стаж треба 60%: да плати па да земе, а во членот 62 му се обезбедува само со 10%. Навистина би сакал тие манипулации да ги тргнеме. Овој амандман е повеќе за работниците, а не за менаџерските структури. Ако мене ме прашате менаџерските структури ќе се бараат во членот 62 или следствено на другиот каде е 20 и 10%, а не овде. Тоа е по мое длабоко убедување.

Трето прашање кое исто така треба да го потенцирам, а не беше потенцирано и икс други работи кои беа речени со овој амандман дозволуваме малку поголема можност ан луѓето кои имаат заработени девизи во банките да ги искористат. Овде илјада пати се залагавме дека треба да се најде начин како треба да се искористат девизите , но кога дојде да изгласаме или да им дадеме шанса, ние бегаме од таа работа.

Во другите информации , а јас ги немам тие, е кажано дека огромен дел на луѓе кои имаат заробени девизи се со мала вредност, но 20% имаат поголема вредност и тие можат да ги искористат овде. Ова им е единствената шанса, бидејќи не можат да добијат готова пара да купи некаде акција каде ќе се создава готова пара, тоа е единствен начин со попуст овде на некој начин ги валоризира своите заробени девизи и да ја ослободи државата и тој на некој начин со своите маки.

Поддржувајќи ги другите аргументи еве и овие мои неколку дополнителни, мислам дека треба да бидеме на висината на задачата и овој амандман треба да се прифати.

III/6.-

Сметам дека на концептот ништо не му пречи, дури го подобрува применливоста на овој закон и мислам дека сите аргументи се дека овој амандман треба да се прифати.

Исто така, заради. паралела во Словенија 50% од ваквиот тип на капитал се даде: на .попуст . Во Хрватска исто така 50% и спрема тоа ако таму не е обесхрабрен страниот капитал -не гледам како кај нас би бил обесхрабрен со; 30%.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сакам уште еднаш да се произнесам дека сум децидно против овој амандман и незнам господинот Арсов Драги како член на пратеничката група вели ние сме за овој амандман. Тој може да каже само во негово име затоа што ние имаме координатор на пратеничката група кој единствено е овластен од името на пратеничката група овде од оваа говорница да кажува одредени мислења во име на таа пратеничка група. Значи, секој овде настапува со одредени мислења во име на таа пратеничка група. Значи, секој овде настапува, а ако не е овластен, секој во свое име. Јас се^ прашувам каков е односот од подржувачите на овој амандман кои се смешкаат сега, а се директори, а не менаџери ако досега е извршена трансформација во поедини фирми од 180%, па дури и 10 0 % имате во некои фирми по однос на двата закони на господинот Анте Марковиќ. Што ќе се трансформира понатаму затоа што тие исти менаџери исто беа најголемите противници за ревизија на вака извршената трансформација досега. Затоа сме свесни и овде го слушнавме, а и на Комисијата за стопанство. Тоа е едно.

Второ прашање е ако имаме некое атрактивно претпријатие, а се знае што подразбираме под атрактивно, јас ве уверувам дека сите оние што имаат средства ќе настојуваат и без попусти да купат акции од тоа претпријатие а вака се девалвира прибирањето на тие можни готови средства, а мислам дека и девизните штедачи иако овде се кажа една

работа што не држи и ќе кажам зошто не држи, на ист начин и тие девизни штедачи се девалвираат затоа што кај девизните штедачи немаме попуст од 90% во објектите на општествениот стандард или во другите 70 можни проценти попуст, затоа што тие девизни штедачи сите кои работеа во странство и заработија по \ 50 до 100 иљјади марки или 1милион марки, а истите тие не се вработени, значи не соодветствуваат на членот 25 кој вели: "Работниците во претпријатието итн. инт." значи чиста демагогија е дека овој амандман важи и за девизните штедачи. Знаеме кои се девизните штедачи тоа се луѓе кои работеа 20 до 30 години, ја оставија својата младост таму во странство, а; денеска се социјални случаеви. Се вели треба да прибираат социјални потврди за да имаат право на опстанок на својот живот. Тоа се тие работи. Менаџерите во сите нормални акционерски друштва на запад најчесто не се акционери, туку се само менаџери и тоа успешни менаџери, а во овој случај да се израмнуваат нашите раководители односно директори со менаџерите, мислам дека нема смисла иако ќе кажам дека и во нашата држава главно имаме докажани менаџери и јас ја знам и такви менаџери кои воопшто не се залагаат за примена на вакви амандмани. Зошто? Затоа што тој менаџер во секое време ќе биде добро платен и секој ќе го повика затоа што си ја знае работата. Ова ми се чини дека послабите менаџери,како што самите се нарекуваат, да не ги читам, а јас ќе ги наречам раководители или директори сакаат на некој начин да дојдат затоа што ќе повторам работниците немаат 25 иљјади марки, 99,9% од работниците немаат 25 иљјади марки. Тоа го знаеме сите и не треба да се лажеме. Уште еднаш ќе кажам дека сум против овој амандман.

IV/1/CJ/OM

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Овде беше кажано дека некој манипулира. Навистина не може човек, а да не се насмее, на такви провидни дисквалификации, тој и не се дисквалификации, тоа се толку провидни нешта што не држат воопшто. Но, за што се работи.

Прво, јас веднаш да кажам дека јас воопшто не можам лично да верувам дека директорите' па и овие присутни овде во парламентот се толку загришени за работничката класа како што порано идеолошки ја нарекувавме таа структура од граѓаните, од популацијата. Само по себе не е здрав тој интерес што се покажува толку жесток. .

Инаку, во што е интересот.1Интересот е да има што повеќе, што поширок круг на луѓе кои што само привидно ќе се одвлече вниманието од главниот интерес, а тоа е желбата да се концентрира моќта, контрола над акциите во што помал број на луѓе или индивидуално воединечни случаи во одредени фирми. И, се разбира, да повторам, тоа беше искажано, номиналната вредност тие хартии не можат да ја задржат, ќе дојде до брзо обезвреднвуање. Такви механизми не е тешко ако веќе не се изградени да се воспоставaт во фирмите се покажа дека нашите менаџери, тој термин ќе го употребам бидејќи кон тоа се стреми и во изминатиот период се покажаа доста вешти и инвентивни во тој поглед. Значи, на прикриен начин се припрема само амбиент за да се оствари трајна позиција и управувачки статус. И пак ќе го констатирам тоа што пред малку го кажав. Јас се плашам во Македонија дека ниту ќе имаме добар менаџмент, нити вистински сопственици. Тоа е суштината на противречноста на овој амандман.

IV/2.-

И, господо сите што сакате да ме убедите во спротивно зашто само декларативно настапувате, зошто барем деловнички не ја исполните обврската да ни дадете со аргументи материјален доказ што тоа значи во структурата на самата приватизација. Со бројки да не убедите дека она што ни го нудите тоа е вистината. Вие сакате да ви веруваме дека нема да се руши концептот само затоа што Вие тоа го кажувате. Да Ви веруваме дека се залагате за интересот на најзагозените егзистенционални структури, затоа што тоа само Вие го велите. Но, повелете, дајте доказ за тоа. Јас останувам против амандманот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, сметам дека господинот Стоиле Стојков ќе ја прифати оваа забелешка што ќе ја изнесам. Јас кога реков ние не мислев на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, туку ние го употребив во контекст на амандманот што го поднесовме, а тоа се тројцата предлагачи Драги Арсов, Драги Гроздановски и Петар Темелковски. И, од оправдани причини јас реков ние бидејќи тоа го спомнав во контекст на образложението на амандманот.

Меѓутоа, кога излегов сакав уште нешто во прилог на овој амандман да кажам што сметам дека во претходното образложение е значајно да го кажам, а го испуштив од предвид, а тоа е кога ги најавував аргументите во однос на решенијата што ги нуди Владата за користење на средствата за покривање на долговите односно плаќањата на внатрешните, надворешните долгови и друго како и во однос на втората алтернатива што де ја застапувавме да се дадат повластени акции и тоа до 30% како што се предлага во овој амандман, а тоа значи во интерес на оние наши граѓани, овде стои работници  вработени во

претпријатието , а подоцна ќе објаснам зошто, зошто токму тој термин го употребувам, сметам дека е посреќно тоа решение затоа што илузија е ние во вакви услови во вакви несигурни услови на нашиот пазар за кој сеуште не можеме да кажеме дека е слободен пазар, дека се создадени сите услови на економско слободно стопанисување , дека ќе се добие свежи пари. При една таква несигурност ние не можеме да предизвикаме интерес на странскиот капитал.

Не треба да се губи од предвид дека сите источни земји кој што го напуштаат еднопартискиот систем имаат потреба негде наоколу 200 милијарди долари, а интересот кои земјите во Европската заедница за вложување на капитал се цени дека изнесува негде околу 2 милијарди долари. А, зошто е тоа така, сигурно дека не треба да се губи; од предвид несигурноста што постои во овие земји односно во источните земји што го напуштаат еднопартискиот систем, а во тие земји ние не треба да ја исклучиме и нашата Република. Според тоа, ние не треба да очекуваме странски средства.

Во прилог на едно такво објаснување јас морам да го спомнам и наредниот наш амандман на ставот 2 , а ние расправаме за овој член 26, а нашиот амандман се однесува на ставот 2 и како што претходно спомнав нашиот амандман се однесува на бришењето на зборот на вработените во претпријатијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Кога ќе дојдеме до тој амандман јавете се.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Се однесува тој амандман за целата содржина и за смислата на овој амандман што се предлага и од страна на Комисијата за стопанство

па затоа, молам ова да го спомнам затоа што ние предлагаме не само тие што се во претпријатијата, не само на тие работници што работеле во тие претпријатија туку и пошироко во сите општествени претпријатија и установи затоа што тој капитал го создавале сите вработени надвор од овие претпријатија.

Ова морам да го спомнам затоа што само на тој начин ние можеме да привлечеме повеќе девизни средства ако само го прошириме кругот на оние што се заинтересирани да учествуваат при купувањето на акции во уделот со попуст. Само на тој начин ние ќе можеме да обезбедиме и поголем цензус и јас само во тој контекст го разбирам и предлогот со понудениот амандман за зголемување на цензусот од 15 иљади на 25 иљади. За мене тоа е прифатливо, но со ваква промена на ставот 2 да отпадне работниот стаж во претпријатијата.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почувствував потреба уште еднаш да интервенирам и да потсетам дека ние прифативме еден концепт кој што во основа се базира на продажба на општествениот капитал. Јас поставувам прашање пред предлагачот. Од сите три структури кој што сега се трансформира капиталот во функција на продажба од кој дел очекува први пари да добие и јас веднаш коментирам 15% од пензиониот фонд, пакет на акции бес право на управување може тој фонд да ги даде или да ги чува за дивиденда или да ги изложи на продажба како и другите акции на агенцијата. Што значи не загрозен воопшто принципот на страниот вложувач дали ќе купи . Дали ќе купи од фондот или од агенцијата тоа е ствар на погодба или на понуда или на побарувачка.

Вториот дел, попустот теоретски е можен во поедино претпријатие да се оствари само теоретски 30%, а вкупно во масо јас сум убеден

и да му одговорам на оној што предлагаше овде, што бараше квантификации велиот концепт нема квантификација, а јас тука можам да дадам проценка дека ни 50% по однос на попустот од тие 30% не може да се продаде од причините кој што стојат во законот. Прво, мора да се плати во рок од 3 месеци и сметам дека само преку попустот во агенцијата можат да дојдат во рок од 3 месеци оној што ќе одлучи да купи. Сите други ќе се изложат на продажба на јавно наддавање и ако има купци ќе купат, ако нема се дава дури овластување на агенцијата во тој вториот пакет на 55% од акциите да може за 80% од вредноста, па во третиот пакет ако и тоа не биде да може со спогодба да ги продаде акциите. Што значи дека дури во полош случај подоцна за помала вредност отколку сега со попуст . Во просек попустот според стажот на вработените не може да биде од 50%. 30% еднократно и 20% по години на стаж. Инаку, вкупниот попуст не може да биде повеќе од 50%.

Јас уште еднаш укажувам за останатите 50% тоа се 12 ипол илјади германски марки мора да се платат во рок од 3 месеци.

Дали од сите овие три учесници некој ќе најде купец за рок од 3 месеци да плати пари. И, оттука сметам дека применливоста на законот е доста применлица, правичнсота подобрена и во секој случај ќе се обезбедат по член 94 извор на средства за намените кој што во член 94 ги има, а пред се за враќање на обврските према девиз- ните штедачи, долговите преку странство, социјалните програми и развојните проблеми. Што значи дека очеквуани средства најбрзо, во рок од три месеци само преку оваа промена што ја бараме односно да се зголеми тој износ, а во некој случај да не може да биде применет во делот ан самиот закон.

IV/6.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Можеби ќе ви биде досадно, меѓутоа не е ограничено колку пати да излеземе. Јас ако се сеќавате во своите амандмани предложив тој лимит да биде 7 илјади марки, значи за мене и овој од Владата е голем 15 илјади марки , па ниту 7 илјади марки 90% од вработените не можат и ги немаат. Да се разбереме, се знае кој се членови, да повторам на Комисијата за стопанство. Повеќето се директори или бивши директори, а не менаџери зошто правиот менаџер е просто заљубен во својата професија и затоа таквите фирми се успешни фирми. Ние овде навистина имаме добри менаџери кој не извршиле трансформација на двата закона ни по 10%, а ова е политичко идеолошка одлука. Не ги интересира тие прави менаџери ќе кажам, ги интересира работниците да им се психички стабилни, работата да си ја извршуваат со права, вистинска надокнада на заедничко задоволство меѓу менаџерот и работниците.

Со овој амандман предвиден вака од страна на Комисијата за стопанство една вредност теоретски ќе кажам од членот 27 каде што стои дека објектите за општествена сопственост може да достигнат до 90% попуст, значи една вредност од 250 илјади марки поединец кој ќе најде за три месеци, а знаеме кој може да најде за 3 месеци 25 илјади марки, таа вредност од 250 илјади марки може да ја добие само за 25 илјади марки. Каде е тука таа економска логика за продажба на капиталот, ќе ве замолам, па тоа е само една политичка одлука одредени групи овде во овој парламент кој настојуваат да ни наметнат такви решенија.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Сосема кратко. Во образложениеото испуштив да кажам најверојатно една суштинска работа. сега веќе пратеникот, претходникот

на тоа ме потсети. Доколку вработените немаат пари да ги купат акциите остануваат во пакетот на агенцијата. Ништо не се менува. Ама баш ништо. Ова е само шанса да можат да ги купат. Ако немаат тие остануваат во пакетот на агенцијата така пишува во законот. Според тоа, зошто ние да с е спориме околу тоа. Ако немаат пари сите остануваат во агенцијата и таа ги продала.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господо пратеници, јас сакам да земам учество по овој амандман по следните причини: Се чини навикнати 40-50 години попуст за синдикална, попуст на комунистите, попуст на борците , попуст на младината, попуст на АФЖ, попуст на ова и сето тоа не доведе до оваа ситуација! А, бре, ослободете се еднаш од тие попусти и од тој систем на узурпирање на власта и на капитал и на се. Зошто неречеме еден македонски народ ги има, и ужива сите права како и оној што е во син- дикат, што е тоа веднаш со овие попусти. Зошто еднаш не гледате и лево и десно туку само вака гледате 50 години. Па свртете се назад што вели народот за тоа.

Ова кога го зборувам и вака, можеби некој ќе ми заеми малку, ама не е тоа замерка, јас сметам дека господинот министер е голем стручњак за оваа работа, ја знае работата, ама се чини неговата стручност ја диктира некоја друга политика и се зафаќа со работа која ќе му донесе дамка на неговата стручна работа со тоа што ќе прифати вакви , секогаш треба да одиш ти на онаа твоја стручност. Нему му беше дадено да се консултира со наши стручњаци со големи стручњаци во Европа и оваа заедница плаќаше за таа работа. Колку години поминаа и сеуште ние ќе се спориме (тркаме) за вакви работи. Па, дајте еднаш да го прифатиме она што е најпозитивното, најблиското до народот, до македонскиот

IV/8.-

народ и да одиме натаму, а не да вршиме политички притисок на еден човек кој нема врска со економија, со стопанство. Диктира стопанство а не поминал кај стопанство , кај економија. И, затоа ми се чини пропаѓаат таквите стручњаци заради зачувувањето на некое звање да си ја фрли својата стручност во бездна. Со ова се сака се чини по мое да се оправда еден политички притисок тука како и така пак да се врати она поранешното со толку попуст на толку , толку попуст за ова, 70% кога ќе го доведеме и што е она другото, разбираш. Велиме попуст само на вработените, зашто заборавaме колку стечајни работници истиснавме ние од овие претпријатија заради моќниците да го доведат во загуба стопанството и да го приватизираат, да го земат малку луѓе. Во тој принос е изработен овој закон политички, но каков таков, се слагам дека е нужно зло и мора да го прифатиме и да го донесеме.

Ги заборавaме 180 до 200 илјади вработени кои и тие издвојувале за ова да немале никакви права, но само вработените, вработените, а тие вработени го доведоа тоа стопанство во пропаст.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (продолжение)

Мене ми се чини, ќе направам една споредба, во 1945 година се вршеше национализација од помал број граѓани богати што биле во Америка на печалба или тука спечалиле нешто, разликата е во тоа што тогаш ги затворавме луѓето, ги тепавме за името, а сега со овој закон вршиме национализација на цел македонски работен народ да го предадеме пак на една рака луѓе. Во тоа е разликата на овој Закон, со тој Закон за национализација, со овој Закон за трансформација. Преминување од една рака луѓе го земаме, а сега да го предадеме од цел македонски народ на една рака луѓе на управување. И тоа без пари така да дојдат со акции фиктивни и други работи и да не гибаме досега како што се затекнало приватизација да остане таква, никој не видел како го оцениле, како го купиле , никој не видел колку се дало и каде се дало, туку да остане така. А тоа на Владата изгледа му одговара така да остане и го прифати она, на кое ќе се вратам после дискусијата, да нема извршен некој притисок на нив, да нема надзорен орган, зошто да нема? значи, не треба да се откријат тие како поминаа. Не може така или ќе бидете Влада или ќе ги спроведете сите нормално или не ќе можете вака долго да се одржите. Ми се чини, патот се стеснува и кој знае дали таму ќе по- минете на крајот, зашто кус е патот. Еве на пример со тоа што велите, ние во Битола изградивме голем број објекти со самопридонес на сите граѓани и села во Битола. Сега една рака народ тоа треба да го трансформира во нив. А и колку пати ние сме плаќале загуби за нив таму. Сега тие да го приватизираа.. Добро, така нека биде, направете го тоа, па ќе видиме до каде ќе стигне, а мене ми се чини ќе стигне законот најсилниот да стапи на сила, а тоа е законот на народот. Зашто, во две три претпријатија во Битола стапи тој закон и има големи успеси од него.

Сигурен сум дека тоа ќе ја снајде цела Македонија. Амандман е, што е ова што го предлагавте вие, што сакате вие, да го наголемите' со 20%, а знаете дека народот нема пари, да го наголемите на 20 илјади марки, а јас да извисам таму што вложував толку години. Четириесет години јас таму вложувам и работам, сега ти да го земиш тоа со тие твои марки. Ние треба да формираме Комисија од каде ги најдовте вие моќниците парите да ги купите претпријатијата, заради тоа што и ние работиме за плата, не бевте во странство, зошто вие имате толку марки. Од каде ви се парите? Дури ,тоа не се стори не може овој закон да биде прифатлив, не може да се применува. Прво, тоа треба да расчистиме кој колку пари директорите спечалиле.

На крајот јас сметам дека дури ние не ги смениме свирачите, а не инструментите, вака ќе си одиме. Национализацијата ја вршеа, нема да биде тоа навредливо, таткото на Стево Црвенковски а сега синот ја врши оваа национализација. А истото тоа го говореше господинот Миљовски. Според тоа, што очекуваме правилна работа кога се оди на еден фин политички начин да се сокрие сето она, да се филува и пак да дојде она самоуправување кое ќе му штети на целиот македонски народ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас станав само да појаснам една работа што ја изнесе колегата Стоиле Стојков, бидејќи три пати стануваше и упорно сакаше да укаже дека ќе гласа против амандманот, со тоа што сакаше да биде против денешните менаџери, па менаџерите ги подели во две групи. Едните на добри, домаќини, кои досега ги немаат трансформирано своите

претпријатија или само мал дел, 10% биле домаќини и не ги трансформирале претпријатијата , а другите биле да не кажам некој лош збор и дека сите претпријатија ги трансформирале односно ги присвоиле сите претпријатија. Сега го прашувам, до колку нема да гласа за тој амандман кои менаџери ќе ги заштити со тоа што нема да гласа за амандманот. Едните се добри, другите се лоши. А овој амандман е за менаџерите. За кои менаџери тој ќе ги заштити, за кој менаџери нема да гласа за амандманот за да ги заштити менаџерите Кои се тие што тоа ќе го заштитат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Прво, јас кажав дека директорите ги делам на директори и оние кои се малку, многу малку кажав менаџери. Значи, не ги ставив сите директори дека се менаџери, а тоа е факт. Тоа е многу јасно ако вие сте таму некој директор јас се извинувам, меѓутоа, вас не ве сметам за менаџер. Втора работа е оние што се трансформирале врз основа на двата закони на господинот Анте Марковиќ по 10, 20, 30, па и до 40% тие се тие што се придржувале на законот, иако во 1991 година во јануари и Сојузниот извршен совет тогаш донесе одлука и констатација дека дел од таа трансформација е извршена незаконски значи, тоа е докажано дека оној што се трансформирал 100%, а имаме такви фирми јас овде некаде ги набројав, незнам кога беше тоа пред една недела итн. знаеме, на пример, да го земеме Силекс. Тој е трансформиран 100%. Да земеме колкава е неговата книговодствена вредност, на пример, иако господинот е и пратеник тој што е генерален директор на таа фирма, сигурно друг пат ќе ми реплицира, меѓутоа, тоа е тоа. Сега вие самите заклучете кои ги сметам за менаџери, а велам дека менаџери во Македонија можеби

има само 10 а имате уште 50 или 60 добри менаџери кои немаат работа, затоа што ние се плашиме од правите менаџери, туку по една политичка линија одиме сеуште директорите да ни бидат политички определени. Тоа е факт. Во Македонија има прави менаџери многу малку, а имаме предуслови да имаме менаџери, затоа што имаме и стручњаци кои предаваат менаџмент. Само да го земеме еден Тодор Кралев итн. меѓутоа, за жал тоа е тоа. Ако вие се сметате дека сте менаџер, јас кажувам незнам дали сте директор, може само сте директор за мене, ако сте директор. Ако не сте, ви се извинувам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Јас на почетокот ќе кажам дека не го поддржувам овој амандман од проста причина што ние имаме над 200 илјади невработени. Во каква ситуација се наоѓаат тие. Единствено имаат право кога се бара да одат во армија, кога се повикуваат да опслужат војска или на некоја вежба, а на друго место потполно се обесправени. Што тие ќе добијат од овој општествен капитал. Сигурно ништо. Исто така сакам да напоменам дека претседателот на Комисијата за стопанство кој што кажа дека до колку не се способни работниците од 25 илјади марки да ги откупат, остануваат тие пари во агенцијата. Токму тоа е проблемот, тие поединци што можат да ги откупат, а другите ќе чукаат круши. Токму тоа е, тука е играта што поединци ќе ги земат Останатото ќе остане таму к~:стото ќе го направиме како што се направи со откупот на општествените станови. Каде се видело за 1200 германски марки да се откупи стан. Значи, ние дојдовме најбогата земја во светот да можеме за 1200 до 2000 германски марки стан да откупиме а од друга страна исто така го крчмиме општествениот имот каде што јас кажав уште во уводното излагање, во

начелното излагање, исто така, можам да кажам дека голем дел од рудните богатства каде што сега се јавуваат некои газди, не се доволно истражени. Конкретно да го земеме Силекс од Прилеп. Таму има еден одреден локалитет каде што само е дел истражно, додека кога ќе се откупи тој дел и цела планина таму потпаѓа не е истражена досега. А некој сака да стане газда, акционерско друштво. Истото се случува во Силекс и ред други работи, да не ги набројувам.

Исто така, настојувам и тогаш поставив прашање уште во начелната расправа на господинот министер да се изврши преиспитување на досегашната трансформација од двата закони, од Анте Марковиќ и од Сојузниот извршен совет што беше тогашен. Без преиспитување на таа трансформација ние не можеме да појдеме ни еден чекор напред. Сакале ние тоа да го признаеме или не, ќе дојде народот да каже. Барем јас така претчувствувам што не би посакал, меѓутоа така ќе дојде. Ова доаѓа кој зел, зел, кој не зел, се стори работава, некој ќе си го товари магарето, ќе си замине, а другите ќе останат со празни раце и кучињата ќе си лаат, што вели народот, караванот ќе си врви. Ние не можеме преку ноќ да створиме капиталисти. Што се случуваше во 1945 и во 1946 година. Зедовме поединци за општеството, сега сакаме од цел народ да ограбиме, да дојдат во поединци. Сум за приватизацијата, меѓутоа, на ваков начин како што сакаат поединци да го сторат да станат преку ноќ газди, на чисто да ви кажам искрено ниту го поддржувам, ниту сакам така, бидејќи знам дека народот не стои зад овие поединци што сакаат преку ноќ да станат газди. Послушајте го малку зборот на народот , па ќе видите сите колку се за откупување на поединци да станат газди на овој општествен капитал.

Уште еднаш пак ќе напоменам каде се невработените од 200 иљјади, каде се стечајните работници, кој што ни криви ни должни останаа на улица, потоа се формира под друго име со тие основни средства, под друго име фирма и сега се прогласија за акционерски друштва. Каде е таа логика и дајте да ги разгледаме тие проблеми.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со поднесениот амандман и расправата која се водеше на денешната седница и сеуште се води исто и јас сакам да го искажам своето мислење, затоа што со внимание ја следев. Веднаш да кажам дека и аргументацијата за прифаќањето на амандманот во однос и на дилемата која се јавува во врска со предлогот на предлагачот на Владата на членот 26, се работи за разлика во висината на цензусот од 20% на вкупниот општествен капитал до 30% кој може да се приватизира кај субјектите утврдени во претходните норми кои можат да го земат со попуст и лимитот и цензусот сходно на тоа висината на таквите акции да може да се движи максимум во предлогот од 15 иљјади марки, а во амандманот до 25 иљјади марки. При тоа, беа искажани аргументации во прилог на прифаќање на амандманот и евентуално така наречен< аргументација во прилог и на неприфаќање на амандманот. Моето именување на вкупната таа аргументација за таканаречена е од причини што мислам дека тешко може да се прифати таква аргументација ако не се изведат квантификации и вредности што во едниот случај, што во другиот случај се добива. Само при тоа може да има аргументирана расправа за предлогот и евентуално за прифаќање на амандманот. Другото сето може да се подведе само на паушално

навивање, политичка определба или импресивна моментална определба за едното или за другото решение. Јас веднаш да кажам не го поддржувам овој амандман, не затоа што и јас припаѓам во тие што немам такви квантификации и не можам да изнесам во оваа ситуација што во цифри значи едното, а што во цифри значи другото, туку едноставно верувам повеќе нешто во предлогот на Владата на членот 26, затоа што е работен подолго потемелно и од луѓе кои имаат увид во цифрите и подолго време целата оваа материја ја работам. Тоа е мојот личен однос што јас го имам спрема /решенијата што се расправаат на оваа денешна седница. Затоа, на таков начин ќе се определам.

Втората определба е моја да гласам против овој амандман е од причините што во меѓувреме, водејќи расправа по овој амандман и одредени искажувања од оваа говорница што е вршен притисок непосредно на пратениците да се изјаснат за овој амандман во спротивно дека ќе падне законот на крајот. Јас под такви притисоци не сакам да прифаќам амандмани и не би сакал да правам политички компромиси, а при тоа да не ги знам до крај последиците за кои ќе можат да се предизвикаат од евентуалното дигање на рака. А за тоа да не би евентуално станале дилеми, за она што претходно кажав дека се работи за по мене за квази аргументација, јас исто така на начинот на кој поодделни пратеници овде извлекуваат заклучоци за поодделни амандмани, за амандманот кој е на предлог во позитивна смисла јас на соодветен начин до крај можам да изведам и такви заклучоци во негативна смисла зошто тој амандман не може да се поддржи. Ќе почнам со ред онака како што успеав да ги забележам.

Првото и основното прашање и од предлагачот и од известителот на Комисијата беше дека, всушност, амандманот го поддржува основниот концепт што е на законот дека тоа е концепт на продажба на капиталот.

Јас го поставувам прашањето ако се работи за амандман, кој повластува во смисла на обезвреднување на капиталот, дали може да се работи за поддршка на концепт за продажба што го има самиот дух на законот. Напротив, заклучокот е дека таквиот амандман не го поддржува таквиот концепт, туку таквиот концепт на некој начин го замаглува. Затоа што повластува одредена категорија на субјекти во Републиката да добијат одредена вредност номинална повисока за платена помала реална вредност. Не е тоа принцип на поддршка на концепт на продажба, според мене.

Второто прашање, исто така, беше од одреден дискутант овде кажано или од неколку дека на ваков начин се промовира поширока опција на поддршка на работничко акционерство. Притоа, веројатно извелкувајќи заклучок дека во смисла на тоа дека работничкото акционерство е позитивен механизам во однос на профитабилноста на претпријатијата. Јас веднаш да кажам, точно е тоа дека работничкото акционерство е стимулативен механизам во однос на профитабилноста на претпријатието. Но, во стабилни економски услови и во развиено пазарно стопанство каде што додатен стимунг се јавува работничкото акционерство како додатен мотив за вложување на труд и поквалитетен и профитабилни резултати во претпријатието.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Во услови при почетна трансформација во која што треба ние да стартуваме, прашање е крупно дали работничкото акционерство си ја има истата вредност и кај нас во овој момент за разлика во системите во кои си има свои пазарни вредности.

Третата теза исто така беше извлечена дека се зајакнува линијата на правичност што треба од една страна да се задржи законот за трансформација во однос на приватизацијата на општествениот капитал. Тоа беше декларативно кажано дека таа линија на правичност се зајакнува. Притоа, во самата елаборација беа искажано сомневања и потврдени од самите предлагачи на таа теза со конкретен пример дека добар дел на оние кои номинално се повластуваат во Законот, не ќе можат тие активно тоа право да го искористат поради познатите околности, социјално економски, во кои се наоѓаат тие субјекти во сегашниот миг кој непосредно ќе следи после спроведувањето на законот и во делот на тоа дека сепак се работи за повластување на одредена категорија која се наоѓа во одреден правен однос со одредени стопански субјекти, во моментот на донесувањето на законот во Републиката. Огромно прашање е дали се зајакнува линијата на правичност и дискутабилно од повеќе аспекти дали таа линија на правичност се зајакнува.

Понатаму, исто така беше потврдена тезата изнесена дека на ваков начин со амандманот ќе се зајакнат изворите на средствата кои ги дефинира членот од Законот за алиментирање на потребите што неминовно како последица од спроведувањето на овој закон ќе се јават, а и од алиментирање на потреби кои претходно се создадени во оваа држава, а тоа се надворешните долгови и долговите спрема девизните

штедачи, а исто така и алиментирање на социјалната сигурност на работниците кои нужно добар дел ќе останат надвор од процесот на производство со спроведувањето на овој закон. Како може да се тврди дека тој извор станува стабилен, кога се повластува, кога за помалку пари треба да се добие поголем дел на акции. Нужно, по мое мислење, заклучок е дека таквиот извор на ваквиот начин се стеснува, а не дека се зголемува. Цело време се изнесува тезата дека на ваков начин со овој амандман се зголемува и степенот на применливоста на законот. Мислам дека е тоа сосема паушален заклучок. Веројатно тие што го изведуваат ваквиот заклучок тргнуваат од некои премисли на микроплан состојбите што ги имаат во одделни претпријатија каде што веројатно имаат преглед. Огромно и крупно пратење е дали степенот на применливоста зависи само од повластенсота што може да се има во субјектите при примечивоста на акциите. Степенот на применливоста на овој закон зависи од голем број на фактори што треба во одреден момент да коинцидираат и да ја забрзаат трансформацијата на општествениот капитал. Степенот на применливоста на законот исто така треба да се глед аи низ призмата на квалитетот на трансформацијата што треба да се обезбеди. Јас тврдам, иако сум лаик од оваа говорница дека доколку не бидат релаксирани само надворешните фактори околу Република Македонија, прашањето на ефикасноста во спроведувањето на законот, во приманливоста ќе бидат сосема мали. Да не ги набројуваме сите други економски параметри и другите политички, социјални и други параметри кои ќе влијаат на степенот на применливоста на законот. Доколку изостанат сите тие услови, прашање е дали овој исти Парламент или некој друг Парламент

во друг состав не ќе треба да интервенира еднаш, двапати, трипати можеби уште неколку пати во овој закон со помали или покрупни интервенции.

Исто така, беа изнесени тези дека на овој начин ќе се мобилизираат пари, кои сега се прелеваат за личната потрошувачка, веројатно следејќи ја логиката што ја има -граѓанинот во РМ, ако нешто се нуди поевтино на пазарот. граѓанинот ќе нагрне таму по таа роба. Мислам дека таа логика за акциите нема да вреди, туку основен. критериум за акциите ќе биде, доколку оние што сакаат да купат акции гледаат сигурно веројатност и сигурност во стопанскиот субјектот во претпријатието дека тие акции ќе му носат профит, а не. дека тие акции се евтини. Напротив, може да се извлече заклучокот, доколку акциите, се поевтини, граѓаните да ги избегнуваат, да ги купуваат, затоа што е тоа критериум дека може да биде дека се неквалитетни акции.

На крајот на пр. цело време тоа се покрива според мене со една демагошка обланда дека сето тоа се прави во името на работниците, дека ете за нив се искажува една таква да речам грижа и дека треба работниците преку овој амандман да добијат некоја сигурност, со тоа што ќе добијат една вредносна хартија со номинална вредност. На оваа теза јас го поставувам прашањето и јас ве прашувам господо во која држава досега има примери дека работниците станале капиталисти и добиле сигурност од сопствениот капитал. Ако работникот добие сигурност во сопствениот капитал, тој веќе ќе преимна на другата страна, ќе преми- не во акционер, а ќе станат други работници. Работникот бара пред се сигурност и вредност за својот труд, за него да добие вредност и

тој го бара преку овој квалитет при трансформацијата. Во транзискиот период бара сигурност за делот од работници кои ќе останат без личен доход да може државата да интервенира година, две, три и повеќе години да може да ги алиментира, за тој период да им дадеа одредена социјална сигурност. Ако процентот на делењето на акциите со помала вредност во плаќање во кеш пари, од каде ќе биде таа алиментации, таа сигурност на ' работниците. Дали во тој случај не мора се доведе во прашање по социјален основ ,•и целокупниот концепт на законот, евентуално.

Тоа се крупни прашања, јас само се обидов на тие тези на кои беа извлечени овде позитивни заклучоци, исто така да им дадам по мое размислување обратен негативен заклучок во однос на поддршката на амандманот и доколку Владата јасно и гласно не се изјасни по амандманот дека го прифаќа и да ја понесе одговорноста за. овој амандман, дека и пратениците не треба да гласаат во негов прилог.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Симон Наумовски.

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, немам намера со претходниот дискутан да полимизирам, бидејќи искажаното дека претходните аргументи се квази аргументи, исто така може да се квалификуваат дека и неговите се супер квази и со тоа целата работа е завршена. Аргументи, квази аргументи, супер квази.

Јас излегов заради нешто друго. На оваа говорница покрај другото беше искажано дека веројатно појавувајќи се јас на говорницата, знаејќи од која организација доаѓам, па беа споменувани и рудните блага, дека

не се доволно истражени и дека некој сега сака да ги земе и понатаму да ги приватизира. Сакам да кажам со тоа дека се демонстрира големо незнаење. Во Уставот е речено дека рудните и минералните блага се државно благо и дека тие можат само по пат на концесии да бидат издавани,така што кога дискутираме овде, јас од аспект на струка сум,. човек кој работи со таа струка, но тоа нема врска ниту со овој амандман, ниту со другите, така што да не донесуваме некого во заблуда некој да мисли дека со ова сега се дава на попуст и рудното минарално благо. Тоа нема никаква врска, тоа е друга работа и по пат на концесии . може да се дава. Дали ќе се стражува или не има правила, има посебен закон за таа работа.

Второ, веројатно не би излегол ако не беше тоа, да го кажам и тоа. Повеќепати беше прашувано за кого се однесува амандманот. Сакам да кажам дека овој амандман се однесува само на оние организации кои до сега не ја отвориле трансформацијата односно не го искористиле правото по минатиот закон. Според тоа, тоа се еден мал број организации. Сите оние кои поминаа по минатиот закон, тие го искористија трипати повеќе ова право и по едниот цензус и по другиот цензус. Кога зборуваме дека ќе се зајакне правичноста, заправо мислиме тука, бидејќи еден огромен дел од организации, еден огромен дел на вработени во нив по кажувањето овде, јас немам анализа, 80% од вкупниот број ако го искористиле тоа право, зошто и оние други 20% да не го искористат. Ако тоа било правично за нив, треба да биде правично и за овие. Која е правдата дека само тие 20% не би требало, по некое кажување овде тие би го нарушиле целиот биланс, а јасно ни е дека другите по минатиот закон поминаа.

VI/6.-

Трето, што исто така беше кажано дека само луѓето кои работеле во странство спечалиле девизи. Тоа е точно, но има еден огромен дел на наши работници од наши фирми кои работеле во странство, во Ирак, Кувајт, Сирија, Египет, Русија итн. кои тогаш не им ги испалтуваа парите кои заработуваа таму во девизи, туку им ги даваа директно на штедни книшки. Сите тие сега им се заробени, така што кога зборувам, на нив мислам. Тие што работеле веројатно некој работеле, некои се вработени сега, а сеите тие се вработени во тие организации. Инаку, може да се зборува како и претходниот дискутант многу, но мислам дека е беспредметно.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, молам да се констатира колку пратеници има во салата.

59 пратеници се присутни во салата .

(во меѓувреме уште неколку пратеници влегоа во салата

Обезбедиме присуство на пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

39 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26, став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Има збор г-динот Ванчо Младенов

VI/7.-

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање. Молам 10 пратеници да ме поддржат.

Претходно г барам пауза од 15 минути за да можат да се приберат пратеници во салата.

**ЏЕЛАТИН МУРАТИ :**

Има предлог за поединечно гласање.

Дали има пратеници кои го поддржуваат предлогот? (да)

Добро, има пратеници кои го поддржуваат предлогот

Г-динот Голубовски бара деловничка интервенција.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во својата прва расправа укажав на можноста дека по прашањето н а законот за трансформација можно е да е создава илузија и да се изманувам македонската јавност и Парламентот дека се работи за меѓупартиски договор со кој видно ќе се измени суштината и промена на концептот. За жал, тоа се остварува сега кога гледаме како гласаат токму тие што дискутираа во целата фаза на друга линија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ;**

Го молам секретарот поединечно да ги прозива пратениците за гласање.

Пратеникот Љупчо Поповски бара збор процедурално.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во името на пратеничката групата на СДС, барам пауза од половина час.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Објавувам пауза до 15,00 часот , што е пауза и за ручек. (паузата започна во 13,50 часот).

VII/1.-ДВ/МЛ

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Го молам секретарот на Собранието да изврши прозивка за поединечно гласање.

(Секретарот излегува на говорница и врши прозивка)

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | - за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | - за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | - за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - не тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | - воздржан |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | - не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - воздржан |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - воздржан |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | - за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - за |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - воздржан |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - за |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - против |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - против |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - воздржан |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - воздржан |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - воздржан |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - за |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | - не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - воздржан |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - против |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - воздржан |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | - воздржан |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - воздржан |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | - за |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | - за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - воздржан |

VII/3.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | - против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | - не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - за |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | - за |
| 70 . БОГДАН . НЕДЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | - за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | - не е тука |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | - за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | - за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | - против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - за |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - воздржан |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | - за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | - воздржан |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | - не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | - воздржан |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - за |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | - не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | - за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - воздржан |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - воздржан |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - против |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - против |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - воздржан |

VII/4.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - против |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | - воздржан |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | - не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | - за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | - не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | - не е тука |
| 108 ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | - воздржан |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | - воздржан |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | - одби да гласа |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | - за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | - не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | - за |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | - не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | - за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | - не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | - за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | - не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | - не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | - воздржан |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 77 пратеници. За гласале 42 пратеници.

Против гласале 11 пратеници. Воздржани 24 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 26 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 и 2 под- несен од пратеникот Томислав Стојановски.

Дали некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Како немав можност да го одложам гласањето да се чека да се договара, јас нема да ви дадам таква можност господа по ставот први амандманот го повлекувам. Останува ставот 2.

За ставот 2 се додава само зборот место "претпријатие" да стои зборот "Република Македонија". Направен е пропуст во пишувањето. Стои Македонија, меѓутоа се работи за работен стаж во Република Македонија, место во претпријатието. Ако се наруши концептот на законот мислам дека со сега изгласаниот амандман ова Собрание го наруши концептот, па барем со ова нека се усогласи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не сара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (19 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

VII/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 26 поднесен од пратеникот Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Ние и за претходниот амандмани бевме против како Влада, тој што беше изгласан заради тоа што бројот на акции издадени со попуст станува преголем за со сигурност се прогнозира што ќе биде и како ќе биде. Ако се усвои овој амандман бројот на издадените акции на тој начин уште повеќе ќе се зголеми. Од исти причини остануваме на тоа дека не го прифаќаме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање..

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 2, поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 и 2 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

(Пратеникот Симеон Ивановски го повлекува амандманот).

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава по член 26 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

VII/7.-

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нова глава по член 26 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на членот 27 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор?

**СТОИЈТЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман и овозможува на Владата таму каде во почеток државната сопственост ќе биде доминантна односно над 50% управувањето и раководењето да го уреди со свој акт, што е право на оној што има над 50% од сопственоста, односно согласно овој модел што го предлага.

Иако оваа Влада срамежливо спомнува државната сопственост односно во една завиткана форма, државната сопственост е присутна скоро во сите држави и на Исток и на Запад. Според повеќето стручњаци со кои се советував основата за успешноста на една фирма е во менаџментот, односно во специјализирани високообразовани кадри за оваа намена, а не пред се доносителот на сопственоста. Сфаќајќи ја оваа вистина и кинезите некаде пред 4-5 години ангажираа менаџери за своите фирми од Запад, пред се Германија, се разбира со добро наградување за нивната работа. Затоа мислам дека и ние не треба да се плашиме дека добрите менаџери ќе заработуваат добро. Работни- кот иако не е научен на тоа сепак еден ден ќе сфати дека добриот и успешен менаџер ќе му обезбеди пред се работа, пласман на конкурентните и атрактивни производи и добра плата пред се. Тоа е осно- вата на тоа пазарно стопанисување. Со паметни односно едуцирани луѓе и од оваа област за среќа располага и нашата држава, можеби не доволно но ги имаме и со едно натамошно образование ќе имаме и повеќе кадри од

областа на менаџментот. Пред малку за тоа и зборував, меѓутоа мислам дека тие кадри не се наоѓаат на соодветни места онаму каде што предполагав јас да бидат во тие таканаречени државни фирми, а тоа се тие големи системи кои знаеме дека таму стопанисувањето ни е најслабо. Тоа е основата на овој амандман за бришење на членот 7 за додавање на ова што пред малку го кажав.

(Со седницата продолжи да раководи Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на текстот на член 27 поднесен од пратеникот Стоиле Стој-ков.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 27-а поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Пратеникот Симеон Ивановски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава по член 27 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нова глава по член 27 поднесен од пратеникот Стоиле Стој ков.

VII/9.-

Отворам претрес по амандманот за менување на текстот на членот 28 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (9 пратеници)

Господинот Ајдарага бара да постави процедурално прашање.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Јас мислам дека Собранието не може полноважно да одлучува затоа што нема обезбедено минимум на пратеници за работа..

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ги молам службите да ги пребројат пратениците и да ги повикаат другите кои не се тука:

Присутни во салата имаме 59 пратеници.

Ја молам службата уште еднаш да ги повика пратениците да влезат во салата.

Господинот Голубовски бара да постави процедурално прашање.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Се едно што сме на ивица на кворум. И да има кворум предлагам, деловнички, да завршиме денес со расправа. Главната претстава заврши, сценаристите ја добија наградата , можеме денеска и да се одмориме.

VII/10

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа, а да јавам и дека и утре ќе работиме.

Во меѓувреме како што гледате има барање, горе претседателот на собрано пратеници со кои треба да се договараат нешто за понатамошната работа.

Имаме кворум за работа.

Дали треба да го повторам гласањето , секретаре?

Сега излегува друго.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата. Во моментот кога имавме кворум четворица пратеници ја напуштија салата. Ве молам од едната врата се влегува, сочинуваме кворум а од другата се излегува.

(галама во салата)

Немаме кворум, затоа.

Господинот Стоиле Стојков бара процедурална интервенција.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Видете, почитувани пратеници. Мислам ова малтретирање треба да престане.

Беше дадена пауза до 15,00 часот. Ние како добри пратеници пристигнавме во 15,00 часот. Поради некои договори што и претходниот дискутант пред мене процедурално што бараше и што ги кажа, за да се создаде некоја посигурна коалиција и вие слушате убаво изгубивме 2 часа можеби и повеќе или помалку . Меѓутоа стварно тоа неподносливо е ние да дремеме тука во ресторантот повеќе од 3 часа и да чекаме што ќе се случи, ќе има седница или ќе нема седница. Многу од пратениците си отидоа, мислејќи дека ќе нема седница, затоа што седница та почна некаде околу 16,40 часот. Затоа мислам дека е ред да прекратиме денеска со работа и нормално претседателството односно претседателот на Собранието да закаже седница дали за утре или за

други де да не се малтретираме повеќе вака и ние и граѓаните кои се заинтересирани за овој закон, исто така ги малтретираме .

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Поради немање кворум ја заклучувам денешната седница и утре продолжуваме во 10,00 часот.

(седницата прекина со работа во 17,10 часот).